ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
GJYKATA SUPREME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Су-03 Бр / Nr. 13/23-5
20.10.2023 год. / v.
СКОПЈЕ / SHKUP

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија Беса Адеми, согласно член 88 од Законот за судовите, член 13 и член 112 од Судскиот деловник и Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, а врз основа на Известување Су-03 бр. 684/23 од 10.10.2023 година од д-р Мирјана Лазарова Трајковска, судија на Врховен суд на Република Северна Македонија, на ден 20.10.2023 година, ја донесе следната:

# *ОДЛУКА*
## *за изменување и дополнување на Годишниот распоред за работа на Претседателот и судиите во Врховниот суд на Република Северна Македонија Су-03 бр. 13/23 од 11.01.2023 година Су-03 бр. 13/23-1 од 21.02.2023 година Су-03 бр. 13/23-3 од 15.05.2023 година и Су-03 бр. 13/23-4 од 21.06.2023 година*

### Член 1

**Во Глава IV Оддел за судење во разумен рок**
**Г. I. СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:**

**„Г. I.** Во овој оддел се распоредуваат судиите:

1. **д-р Џемали Саити**
2. **Мирјана Радевска Стефкова**
3. **Владимир Стојаноски**
4. **Снежана Ѓорѓиевска Зекирија**
5. **Шпенд Деваја**
6. **Африм Фидани**
7. **Цветанка Периќ**
8. **м-р Сафет Кадриу**
9. **Анита Бошковска**

### Член 2

**Во Глава IV Оддел за судење во разумен рок**
**Г. II. СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:**

**„Г. II.** За претседател на Одделот за судење во разумен рок се распоредува **судијата д-р Џемали Саити,** а за негов заменик се распоредува **судијата Шпенд Деваја.**

**Член 3**

**Во Глава IV** Оддел за судење во разумен рок
**Г. IV. СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:**

**Г. IV.** Советот од тројца судии за одлучување по барањата за заштита на правото на судење во разумен рок во прв степен **СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:**

**1. Африм Фидани-претседател**
**2. м-р Сафет Кадрии-член**
**3. Анита Бошковска-член**

**Во Глава IV Оддел за судење во разумен рок**
**Г. V. СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:** Претседателот на советот **судија Африм Фидани** не се задолжува со предмети.

**Член 3**

Во глава VI. **Оддел за судска практика**
Точката Ѓ. I. **СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ**:

**„Ѓ. I. Во овој оддел се распоредуваат судиите како претседатели на оддели:**

**1. Беса Адеми**
**2. д-р Џемали Саити**
**3. Цветанка Периќ**

Образложение

Со допис - известување Су-03 бр. 684/23 од 10.10.2023 година, судијата д-р Мирјана Лазарова Трајковска известува дека во период од 16 до 28 октомври 2023 година, 02 до 17 ноември 2023 година и 04 до 15 декември 2023 година ќе учествува на настани во врска со презентации, трибини и распити за кандидатура за Меѓународниот кривичен суд.

Согласно Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија судиската функција ја вршат во совети, седници на оддели, заедничка седница на оддели.

Со Годишниот распоред за работа на Претседателот и судиите во Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2023 година и измените и дополнувањата на Годишниот распоред за 2023 година, судијата д-р Мирјана Лазарова Трајковска е претседател на Одделот за судење во разумен рок и

претседател на Советот во Одделот за судење во разумен рок за одлучување по барањате за заштита на правото за судење во разумен рок во прв степен.

Поради наведеното, Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија донесе Одлуката за изменување на Одлуката за Годишен распоред за работа на Претседателот и судиите во Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2023 година Су-03 бр. 13/23 од 11.01.2023 година; Су-03 бр. 13/23-1 од 21.02.2023 година; Су-03 бр. 13/23-3 од 15.05.2023 година и Су-03 бр. 13/23-4 од 21.06.2023 година, со цел да не се наруши редовниот процес на работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Согласно измените во составот на советите, предметите кои се со автоматска распределба доделени на судиите, а истите не се реферирани или не е донесена одлука, автоматски ќе се распределат преку АКМИС Програмата, согласно Судскиот деловник.

Согласно измените во составот на советите, предметите кои се наоѓаат во работа кај судиите, а се реферирани или е донесена одлука, да се завршат во истите совети.

Овој распоред влегува во сила со денот на донесување.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА ВРХОВНИОТ СУД НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Беса Адеми

НАПОМЕНА: Согласно член 39 став 11 од Законот за судовите, против Одлуката, судијата може да поднесе приговор во рок од 3 (три) дена по приемот на истата.

Доставено до:
-Судиите
-водители на писарници
-сметководство
-ИТ Центар
-архива